**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-35/2**
**Скопје, 30.01.2007 година**

**ДО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Претседателот на Република Македонија за 2005 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Претседателот на Република Македонија за 2005 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- ✓ Наташа Савова, Генерален секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 10.11. до 12.12.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Примена на акти**

10.1.1. Генералниот секретар на Претседателот на Република Македонија во 2005 година има донесено Одлука за набавка на репрезентативни предмети што Претседателот на Република Македонија ги дава како пригодни подароци. Во Одлуката е утврдена обврска за начинот на чување и евидентирање на подароците.
Евиденцијата на дадените подароци на странски државници и други гости во текот на 2005 година е нецелосна и несредена, што значи непочитување на одредбите на Одлуката.
Набавките на подароците кои се авторски дела се извршени со непосредни спогодби, без спроведување на одредбите од Законот за јавни набавки, но за истите е добиена согласност од Бирото за јавни набавки.

**Препорака:**

Во текот на ревизијата од страна на Секторот за правни и организациони работи е предложена постапка за евидентирање на набавката и давањето на подароци којашто е во согласност со одлуката, меѓутоа е потребно да се изготват пишани процедури заради утврдување на одговорноста на сите лица во процесот на набавка и евидентирање на подароците (од моментот на утврдување на потребата, видот на подароците, постапката на набавка, приемот на подароците и евиденцијата на нивното давање).

10.1.2. Во примената на Правилникот за користење на кредитни карти е констатирано дека дел од плаќањата се извршени за угостителски услуги и за други потреби за коишто доставената документација е нецелосна и не овозможува да се утврди реалната намена на трошоците. Неприменувањето на решението во однос на доставување соодветна документација, може да предизвика ненаменско користење на платежните картачки.

**Препорака:**

Во Решението за утврдување на правото и начинот на користење на службената платежна картичка да се дефинира видот на угостителски услуги во странство за

службени потреби (во кои случаи, кој има право и во колкав износ), врз основа на решение за трошоците за угостителски услуги и други намени од коешто недвосмислено може да се утврди дека трошокот е направен за службени цели.

10.1.3. Работата на Претседателот на Република Македонија ја следат претставници на јавните гласила коишто, покрај информирање за работењето на Претседателот во земјата, вршат и медиумско покривање на активностите на делегациите во странство. За покривање на патни трошоци и трошоци за ноќевање на новинари во текот на 2005 година се потрошени 650 илјади денари, за кои:

- Не се воспоставени критериуми за висината на овие трошоци од аспект на определување на бројот на новинари кои ќе вршат медиумско следење на активностите на делегации во странство (нивниот број се движи од два до девет новинари) и начинот на избор на преставници на медиумските куќи. Поради непостоење на критериуми не е можно да се утврди реалноста на патните трошоци и трошоците за ноќевање на новинарите.
- За надоместување на патните и дневните трошоци на новинарите не е презентиран соодветен документ (решенија).

**Препорака:**

Генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија да утврди критериуми за бројот на новинари кои ќе вршат медиумско следење на активностите на делегациите во странство и начинот на избор на преставници на медиумските куќи, а за секое патување во странство, во решението за престој на делегациите во странство да се наведат новинарите кои ќе ја следат работата на делегацијата.

10.1.4. Согласно Одлуката за организација и делокруг на работата на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, дадена е можност за ангажирање на научни и стручни соработници за потребите на Кабинетот.
Во текот на 2005 година Претседателот на Република Македонија има склучено повеќе договори за консултантски услуги со домашни експерти, за што вкупно се исплатени 1,020 илјади денари. Во нив нема пропишана обврска за изготвување извештаи за извршената работа.
Недостигот на контролни постапки за утврдување на оправданоста на потрошените буџетски средства може да се искористи за ненаменско користење на средствата.

**Препорака**:

Во договорите што се склучуваат со надворешните соработници да се прецизираат нивните обврски, начинот на којшто ќе се потврди извршувањето на преземените обврски како основ за плаќање на надоместоците, како и да се утврдат критериуми за висината на надоместокот на лицата ангажирани како советници на Претседателот на Република Македонија.

10.1.5. Во текот на 2005 година за трошоци за ноќевање и превоз на официјални странски делегации, гости на манифестации и други гости, се потрошени 189 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран акт на којшто се темели основот за надоместување на трошоците, односно во кој случај се врши плаќање на трошоците за ноќевање на странските гости. Според објаснувањата, дел од овие плаќања се темелат на реципроцитет, според кој на македонските делегации при нивниот престој во странство им се платени овој вид трошоци. За надоместување на трошоците за ноќевање на странски гости не е презентиран соодветен документ (решенија).

Во недостиг на соодветен акт, ревизијата не се убеди во реалноста и објективноста на наведените трошоци.

**Препорака**:

До донесувањето на акт на ниво на држава, Генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија со интерен акт да го регулира плаќањата на трошоци за престој на странски гости, а за секое поединечно плаќање да се изготвува решение.

**10.2. Неправилности во искажувањето на расходите**

**10.2.1.** Позицијата **Стоки и други услуги** од Билансот на приходи и расходи за 2005 година е преценет за износ од 3,389 илјади денари поради следното**:**

10.2.1. За **Патни и дневни трошоци** исплатени се и евидентирани се трошоци во износ од 1,157 илјади денари, при што е утврдено дека:

- Врз основа на патни налози, исплатени се дневници на лица кои не се содржани во решенијата за престој на официјални државни делегации во странство во износ од 91 илјади денари (вработени во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и обезбедување), што се објаснува со измени на составот на делегацијата непосредно пред патувањето.
- Евидентирани се трошоци за репрезентација за време на службени патувања во странство, за направени сметки во ресторани, за такси услуги и други намени, во износ од 1,066 илјади денари. Дел од приложените сметки за кои е извршена исплата на девизни средства се нечитливи, без прилог на сметка од која може да се утврди точната намена на плаќањата, без опис на намената на направениот трошок. Плаќањето на угостителски услуги во странство, освен за службени потреби, е во спротивност со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, каде што е регулирано дека трошоците за исхрана за време на службено патување во странство се надоместуваат со дневницата што се плаќа на лицата на службен пат. Во Уредбата не се предвидени исклучоци, така што оваа одредба се однесува на сите лица на кои им е исплатено дневница. Исто така, со Уредбата е утврдено дека надомест за такси превоз се исплатува само за превоз од аеродром до хотелот и обратно.
- Како прилог кон патните налози не се доставуваат авионските билети и други документи што ќе го потврдат часот на поаѓање и враќање од службеното патување, од што зависи бројот на пресметани дневници. Бројот на дневниците е утврден во согласност со искажаниот час на поаѓање и пристигнување во патниот налог што го впишува лицето кое патува, меѓутоа, точноста на овој податок не се контролира поради недостиг на соодветна документација;

**Препорака:**

Генералниот секретар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија во решението за патување во странство, покрај постојните податоци за земјата во која се патува, целта на патувањето, времетраењето на престојот да го утврди и комплетниот состав на делегацијата, особено на лицата кои не се вработени во Кабинетот на Претседателот на Република Македонија. Со решението да се утврди кои трошоци ќе бидат на товар на Буџетот на Претседателот на Република Македонија.
Доколку во програмата за престој во странство се планирани деловни ручеци или вечери со странски претставници, кон сметките за угостителски услуги направени за

таа намена, да се приложи програмата. За средбите што не било можно да се планираат однапред, при поднесувањето на налозите за плаќање на трошоците за угостителски услуги до Генералниот секретар заради одобрување на плаќањето, лицето што го изготвува налогот за плаќање да изготви спецификација на сметките за покривање на овие трошоци, со опис на службената потреба за кое е извршено плаќањето, како и со потврден документ од овластеното лице (протокол, обезбедување). Доколку на официјалните делегации во странство, не им е обезбеден превоз од земјата домаќин, за поднесените сметки за превоз да се потврди дека се исклучиво за превоз на делегацијата на деловни средби.
Кон патните налози задолжително да се доставуваат авионските билети и други документи што ќе го потврдат часот на поаѓање и враќање од службеното патување, заради пресметување на бројот на дневниците.

10.2.2. За **Комуникација** се исплатени и евидентирани трошоци во износ од 1,256 илјади денари, по следните основи:

- Потрошени се средства за мобилни телефони над дозволениот лимит во износ од 570 илјади денари. Истовремено се платени трошоци за користење на мобилен телефон на лица кои не се вработени во Кабинетот (советници, возач, протокол, обезбедување), без решение и образложение за правото на користење на телефон во износ од 686 илјади денари, при што се утврдени високи поединечни месечни трошоци (до 89 илјади месечно). Надминувањето на лимитот на одредени корисници на мобилните телефони и високите поединечни месечни трошоци се оправдува со направените повици за време на службените патувања во странство, меѓутоа, ревизијата не доби доказ дека трошоците се направени за службени цели.

Во текот на 2006 година се преземени мерки за намалување на овие трошоци. Секој месец корисниците на мобилни телефони добиваат известување за пречекорениот износ, а раководителот на вработениот одлучува за висината на обврската за враќање на повеќе потрошениот износ, во зависност од причината за потрошениот износ.

10.2.3. Ставката **Други тековни расходи** е преценета за износ од 976 илјади денари по основ на:

- за угостителски услуги во земјата се платени 201 илјади денари, без соодветна поткрепувачка документација (на приложените фактури нема опис за кого се однесува трошокот).
- за проекти (истражувања, прибирање податоци, изготвување извештаи) за потребите на Претседателот се платени 775 илјади денари. Според тврдењата на одговорните лица, работите по овие проекти се извршени, меѓутоа, на ревизијата не и беа презентирани целосни документи (елаборати) како поткрепа на исплатените средства.

**Препорака:**

Препораката која се однесува на трошоците направени по основ на репрезентација во странство, се однесува и на оваа точка.
Во договорите за спроведување на разни истражувачки активности од страна на надворешни лица, да се прецизираат нивните обврски, начинот на којшто ќе се потврди извршувањето на преземените обврски, како основ за плаќање на надоместоците.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

10.3.1. Од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските.

За неизмирените обврски во вкупен износ од 851 илјади денари беа испратени четири конфирмации кон добавувачите, кои опфаќаат 90% од обврските. Од испратените конфирмации, до денот на ревизијата се добиени одговори од сите комитенти, од кои една конфирмација во износ од 253 илјади денари ја потврди сметководствената состојба, додека останатите три конфирмации кои се однесуваат на обврски во износ од 509 илјади денари не ја потврдија состојбата. Според одговорите на добавувачите, нивните побарувања изнесуваат 879 илјади денари, односно 73% повеќе од евидентираниот износ .
Врз основа на изнесеното, ревизијата не обезбеди доволно докази за реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на обврските.

**Препорака**:

Секторот за правни и организациони работи редовно да врши усогласување на побарувањата и обврските со комитентите, особено помеѓу претседателот на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата за угостителски услуги, на која се однесува најголем дел од несовпаѓањето.

### 10.4. Наменско и законско користење на средства

10.4.1. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- За набавки во вкупен износ од 891 илјади денари не се спроведени постапки согласно Законот за јавни набавки (Прилог бр.1). Според дадените образложенија од страна на одговорните лица, не се спроведувани пропишаните постапки поради специфичноста на набавките, од сигурносни причини или поради итност.
- Не се почитувани во целост одредбите на Правилникот за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност. (Прилог бр.2);
- Не се води евиденција за малите набавки.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Претседателот на Република Македонија на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.2. и 10.4, кај Претседателот на Република Македонија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Претседателот на Република Македонија за 2004 година е утврдено следното:

- Извршен е попис на средствата и изворите на средства, како и усогласување на фактичката со сметководствената вредност во согласност со законските акти. Сите материјални средства се означени со иденфикациони броеви и е извршено задолжување на вработените со опремата што е дадена на лично користење.
- Постапките за поврат на дадените аванси од надворешните лица кои се водат од страна на Јавниот правобранител (два случаи) сеуште се во тек, додека од вработените во Кабинетот, во 2006 година целосно се вратени дадените

средства во 2003 и претходните години и се расчистени дадените аванси за службени патувања.

- Во однос на примена на Законот за јавни набавки преземени се следните активности:
  - Донесен е План за јавни набавки за 2005 година кој е доставен до Бирото за јавни набавки;
  - Донесен е Правилник за начинот и постапката на вршење на набавки од мала вредност;
  - Формирана е комисија за јавни набавки;
  - За спроведените постапки за јавни набавки донесени се одлуки за потребата од јавна набавка од страна на лицето кое е овластено, односно органот кој е надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот;
  - Со избраните добавувачи се потпишуваат договори во коишто се утврдуваат условите за спроведување на набавката.

**Скопје, 29/01/2007 година**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | **60,021** | **47,651** |
| Трансфери од други нивоа на власт | 60,021 | 47,651 |
| **Вкупно приходи** | **60,021** | **47,651** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 12,532 | 14,043 |
| Резерви и недефинирани расходи | 600 | 353 |
| Стоки и услуги | 45,132 | 32,707 |
| **Вкупно тековни расходи** | **58,264** | **47,103** |
| **Капитални расходи** | | |
| Купување на мебел, опрема, возила и машини | 1,757 | 548 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1,757** | **548** |
| **Вкупно расходи** | **60,021** | **47,651** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 1,297 | 1,594 |
| Активни временски разграничувања | 1,821 | 1,981 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,118** | **3,575** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 3,000 | 3,878 |
| **Вкупно постојани средства** | **3,000** | **3,878** |
| **Вкупна актива** | **6,118** | **7,453** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 852 | 749 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 224 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 969 | 1,015 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,297 | 1,594 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3,118** | **3,582** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3,000 | 3,871 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3,000** | **3,871** |
| **Вкупна пасива** | **6,118** | **7,453** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал - вкупно 2005 |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **3,871** |
| **Зголемување по основ на:** | **409** |
| Набавки | 401 |
| Добиени средства без надомест | 8 |
| **Намалување по основ на:** | **1,280** |
| Амортизација | 806 |
| Расход | 59 |
| Кусок | 354 |
| Преотстапени средства | 61 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **3,000** |